ДРУШТВО ЗА МЕЃУНАРОДНА ШПЕДИЦИЈА ТРАНСПОРТ И ТРГОВИЈА
ТРАНШПЕД ТРЕЈД ДООЕЛ
Бр. 162-17
30.11. 2017 год.

ТРАНШПЕД ТРЕЈД ДООЕЛ СКОПЈЕ- под.ТРАН КАБЕЛ Крива Паланка

**Забелешките и предлозите по однос на текстот на Предлог законот:**

*„Член 143"*

*Обврски на оператор кој реемитува програмски сервиси*

*(1) Оператор може да ги реемитува програмските сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно со Законот за авторските права и сродните права.*

*(2) Оператор може да реемитува програмски сервиси на радиодифузери од други држави согласно со членот 44 од овој закон и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно Законот за авторските права и сродните права.*

*(3) Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавните електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, освен телешопингот и рекламите.*

*(4) Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои се финансираат од буџет на РМ, освен оператор кој реемитува програмски сервиси преку дигитален терестријален мултиплекс.*

*(5) Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет во кој задолжително треба да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис и задолжително да ги содржи програмските сервиси на домашните радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервис од општ формат на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.*

*(6) Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен во претплатничките договори што ги склучува со своите претплатници да го наведе програмскиот пакет, односно листата на програмските сервиси кои ги реемитува во моментот, а за кои е издадена потврдата за регистрација од страна на Агенцијата.*

*(7) Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен да води посебно сметководство за активностите поврзани со реемитувањето на програмските сервиси."*

Ставот (5) **да се избрише.**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со вака дефинирано законско решение законодавецот сака да ја вмеша државата врз воспоставување на деловни односи на Кабловските оператори и Телевизии со 100 % приватен капитал и притоа ускратувајќи им ја можноста за меѓусебно слободно дефинирање на правата и обврските , согласно уставното начело „ Слобода на пазарот и претприемништвото ".

Со ваква законска одредба Кабелските оператори се ставени во подредена состојба.

Задолжителното реемитување на јавниот радиодифузен сервис кој што е од јавен интерес на граѓаните на Република Македонија е дефиниран во ставот ( 4 ) од овој член , додека ставот ( 5 ) фаворизира 5 национални комерцијални телевизии кои емитуваат телевизиски програмски сервис од општ формат на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.

Имајќи го предвид програмскиот формат на овие 5 национални комерцијални телевизии кои најчесто имаат програма од забавен формат без едукативна содржина нејасно е како е утврдено тие да бидат задолжителни во програмските пакети но не и бесплатни како што е наведено за Јавниот радиодифузен сервис.

Со вакво законско решение би настанал хаос во медиумскиот простор со кое најоштетени би биле граѓаните на Република Македонија.

Вакво формулираниот став не е усогласен со Директивите на европската унија и препораките на Прибе.